ИЗЈАВА ЗА ПЕЧАТ

# «Reconciling for the Future»
# "Помирување за Иднината"

www.reconcilingforthefuture.org
www.see-future.org

Центарот за демократија и помирување на Југоисточна Европа објавува започнување на пилот проектот Помирување за иднината. Проектот е под покровителство на Грчкото председателство со Европската Унија, во соработка со Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, и е подржан од Министерствата за надворешни работи на Грција, Норвешка и Шведска.

За време на првата фаза на проектот, кој успешно започна на 20 јануари, создадена е платформа за електронски дијалог на Интернет адресатаwww.reconcilingforthefuture.org.Овој форум кој веке има 150 регистрирани членови, представува платформа на која се дискутираат перспективите и проблемите на Балканот,од страна на граганите на Југоисточна Европа, но и од целиот свет.

Резултатите од форумот Помирување за иднината ке бидат објавени на конференцијата што ке се одржи во почетокот на април во Солун, организирана од страна на центарот за демократија и реконструкција на Југоисточна Европа, на која ке учествуваат представници од Балканските земји, Европската Унија како и представници од мегународните институции, невладини организации и младински групи.

Проектот има за цел да ја промовира идејата за регионална повелба која формално би ги подржала иницијативите за помирување на граганското општество имајки ги во предвид заедничките вредности и принципи. Исто така проектот вклучува создавање на база на податоци за сите тековни иницијативи за помирување на Југоисточна Европа, за нивна подобра соработка и полесно финансирање на нивните активности.

KRISPOU 9, THESSALONIKI 546 34, GREECE
TEL: +30 2310 960820-1 – FAX: +30 2310 960822- E-MAIL: *info@cdsee.org*